Претседавачот пристапи кон десеттата точка од дневниот ред и ги информираше присутните дека на 16.05.2022, Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија има издадено Решение број 15-15279/3 со кое се издава претходна согласност за измените и дополнувањата на Статутот на Банката утврдени од страна на Надзорниот одбор на Банката како предлог за денешното Собрание на акционери.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека полномошникот на мнозинскиот акционер едногласно ја донесе следната------------------------------------**

**-----------------------------------------------------------О Д Л У К А-----------------------------------------------------------**

**--за измена и дополнување на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје и усвојување на пречистен--**

**-----------------------------------------------------------текст на Статутот -----------------------------------------------------**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат измените и дополнувањата на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје и пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје.---------------------------------------------------
2. Во Пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје од 04.10.2021 година, се усвојуваат следните измени:----------------------------------------------------------------------------------------------------

1) Член 49 се менува како што следи:-----------------------------------------------------------------------------------

член 49-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Надзорниот одбор ги врши и следниве работи:--------------------------------------------------------------------------

1) ја усвојува деловната политика и развојниот план на Банката;-----------------------------------------------
2) именува и разрешува членови на Управниот одбор на Банката;-----------------------------------------------
3) именува и разрешува членови на Одборот за управување со ризици;-----------------------------------------
4) именува и разрешува членови на Одборот за ревизија;-------------------------------------------------------------
5) именува и разрешува членови на Кредитните одбори;--------------------------------------------------------------
6) именува и разрешува членови на Одборот за надгледување на информативната технологија,-----------
7) го усвојува финансискиот план на Банката;-------------------------------------------------------------------------------
8) го разгледува извештајот на Управниот одбор за поставеноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола,---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
9) го одобрува воспоставувањето и организацијата на системот на внатрешна контрола;--------------------
10) организира служба за внатрешна ревизија, и врши именување, следење на работењето и разрешување на лицето надлежно за внатрешната ревизија на Банката;---------------------------------------------
11) го одобрува годишниот план на внатрешна ревизија;-------------------------------------------------------------
12) ја усвојува политиката за сигурност на информативниот систем;--------------------------------------------
13) ги усвојува политиките за управување со ризици на Банката;-----------------------------------------------
14) ги одобрува плановите и програмите за работа и општите акти на банката, освен актите што ги донесува Собранието на Банката;---------------------------------------------------------------------------------------------

15) усвојува политика за избегнување судир на интересите со која се идентификуваат можните судири на интереси и мерките и активностите за нивно спречување;-----------------------------------------------------------
16) усвојува политика за наградување, во согласност со деловната политика, развојниот план, финансискиот план и политиката за избегнување судир на интересите на Банката;-------------------------------
17) донесува и спроведува политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор;-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
18) ги разгледува извештаите за работењето на Управниот одбор на Банката;-----------------------------------
19) ги разгледува извештаите на Одборот за управување со ризици;----------------------------------------------
20) ги разгледува извештаите на Одборот за ревизија;------------------------------------------------------------
21) ги разгледува извештаите на внатрешна ревизија;------------------------------------------------------------
22) ги разгледува извештаите на службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
23) ја одобрува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;-----------------------------------------
24) одобрува изложеност спрема лице од над 20% од сопствените средства на Банката, со исклучок на изложеност врз основа на купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Северна Македонија;-------------------------------------------------------------------------------------------------
25) одобрува трансакции со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000 денари; --------------------
26) го одобрува стекнувањето на капитални делови и купувањето на хартии од вредност, поголеми од 5% од сопствените средства на банката, освен купување на хартии од вредност издадени од Народната банка и Република Северна Македонија;-----------------------------------------------------------------------------
27) го одобрува предлогот на Одборот за ревизија за назначување на друштво за ревизија, или предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија и е одговорен за обезбедување на соодветна ревизија;------------------------------------------------------------------------------------------------------
28) ги одобрува политиката и процедурите за вршење на внатрешна ревизија, врши надзор на соодветноста на процедурите и ефикасноста на работењето на внатрешна ревизија и ги разгледува нејзините извештаи;--------------------------------------------------------------------------------------------------
29) ги разгледува извештаите на супервизијата, други извештаи доставени од Народната банка, Управата за јавни приходи и други надлежни институции и предлага, односно презема мерки и активности за надминување на утврдените неусогласености и слабости во работењето на Банката;----------
30) ги разгледува записниците од непосредната теренска контрола и непосредната теренска инспекциска контрола на Народната банка, до Народната банка ги доставува записниците од седниците на Надзорниот одбор на кои се разгледуваат записниците од контролата и ги верификува приговорите на Банката на записниците од Народната банка;------------------------------------------------------------------------
31) го одобрува Годишниот извештај за работењето на Банката и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на Банката;-------------------------------------------------------------------------------------------
32) го разгледува извештајот на друштвото за ревизија и доставува писмено мислење по истиот до Собранието на акционери;------------------------------------------------------------------------------------------
33) го усвојува Кодексот за корпоративно управување со кој се уредуваат правилата за управување и за надзор на Банката; ----------------------------------------------------------------------------------------------------
34) го усвојува Етичкиот кодекс на Банката;-------------------------------------------------------------------------
35) го одобрува Деловникот за работа на Одборот за ревизија; ---------------------------------------------------
36) на Собранието му поднесува извештај за работењето,-------------------------------------------------------
37) одлучува за отпис на побарувања над максималниот износ на поединечно незначајните побарувања;
38) одлучува за кредитна изложеност спрема поединечно лице и со него поврзаните лица во рамките на лимитите утврдени со актите на Банката;-------------------------------------------------------------------------
39) одлучува за стекнување и располагање со преземените средства на Банката во вредност на превземање, продажба и/или заложување поради продажба, поголема од 5% од сопствените средства на Банката во согласност со актите на Банката;-----------------------------------------------------------------------
40) ги разгледува извештаите за видот и износот на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања, преземените активности за нивна продажба и статусот на реализирање на плановите за

продажба и/или промените во плановите за продажба, како и износот на продадените преземени средства;-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

41) го свикува Собранието на Банката помеѓу две годишни собранија, по сопствена иницијатива или по барање на акционери;-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

42) одлучува за формирање и укинување на организациони делови на Банката во земјата и во странство и за нивните овластувања;-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

43) формира одбори и комисии за извршување определени задачи, делегира одговорности за формирање на одбори и комисии и го одредува нивниот делокруг и начин на работа;---------------------------

44) донесува деловник за својата работа и за работата на Управниот одбор;---------------------------------------

45) го одобрува актот на Управниот одбор со кој се уредува застапувањето и потпишувањето на актите на Банката;-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

46) го разгледува извештајот за трансакции со поврзани лица со Банката;----------------------------------------

47) ги одобрува стратегиските интерни акти за преземање и управување со ризици и го следи нивното спроведување;-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

48) ја оценува адекватноста на донесените стратегиски интерни акти и политики за управување со ризици најмалку еднаш годишно;-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

49) ги разгледува извештаите за профилот на ризичност на Банката;---------------------------------------------

50) ги одобрува лимитите на изложеност на одделни видови ризици;--------------------------------------------

51) ја одобрува Политиката за објавување на извештаи и податоци од страна на Банката; ------------------

52) ја усвојува политиката со која се определува начинот на управување со ризикот од неусогласеност и спроведување на контролата на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;------------------------

53) ја усвојува политиката за користење услуги од надворешни лица и----------------------------------------

54) одлучува за други прашања согласно Законот, овој Статут и други прописи.--------------------------------

Надзорниот одбор најмалку еднаш годишно врши оценка на сопствената работа од аспект на поединечните членови и колективно и за тоа го известува Собранието на Банката. -------------------------------

Надзорниот одбор врши оцена на соодветноста на кандидатот за член, односно на членот на Надзорниот одбор, којашто вклучува поединечна оцена на соодветноста на кандидатот за член, односно на членот на Надзорниот одбор и колективна оцена на соодветноста на членот на Надзорниот одбор заедно со останатите членови на Надзорниот одбор на Банката.------------------------------------------------------------------

Оцената за соодветноста се врши:-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. пред секое именување нов член на Надзорниот одбор;----------------------------------------------------------------------

2. пред повторно именување постоен член на Надзорниот одбор;---------------------------------------------------------

3. еднаш годишно, согласно со закон.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

По исклучок на точките 1 и 2 од претходниот став, оцената на соодветноста може да се изврши и по именувањето на членот на Надзорниот одбор од Собранието на Банката, но најдоцна во рок од еден месец по неговото именување, но пред добивање на согласноста од Гувернерот на Народната банка. Покрај случаите од претходниот став, колективната оцена се врши и доколку има значајни промени во деловниот модел на Банката.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

-2) Член 65 се менува како што следи:-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

член 65-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Управниот одбор е орган кој ја претставува и застапува Банката и раководи со нејзиното работење. --------

Надзорниот одбор на Банката ги именува членовите на Управниот одбор со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови од Надзорниот одбор, и истите стапуваат на функциите по добивање на претходна согласност од НБРСМ. Со членовите на Управниот одбор се склучува менаџерски договори со кои подетално се утврдуваат работните активности, правата, обврските, висината на примањата и надоместите по сите основи, премијата за лично осигурување и други релевантни прашања. ------------------

Управниот одбор на Банката се состои од 3 (три) члена, при што членовите се подеднакво одговорни за работењето на Банката и за обврските што ги презема Банката, а надлежностите на членовите подетално се дефинирани и распределени. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со Одлука на Надзорниот одбор на Банката, се определуваат Претседателот, Заменик Претседателот и Членовите на Управниот одбор на Банката. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со одлука на Надзорниот одбор се врши поделба на надлежностите меѓу членовите на Управниот одбор на Банката, по одделни сегменти од работењето на Банката како што следи: ------------------------------------

- Претседателот на Управниот одбор е надлежен за активности поврзани со работењето со население, маркетинг и развој на производи, за човечки ресурси и за координација на Генерален Секретаријат и Внатрешната ревизија; ------------------------------------------------------------------------------------------------
- Заменик Претседателот на Управен одбор е надлежен за активности поврзани со работењето со корпоративни клиенти, со финансии, тргување и финансиски пазари и активности поврзани со управување со имот, логистика и безбедност; --------------------------------------------------------------------------
- Еден член на Управниот одбор е надлежен за активности поврзани со стратешко управување со ризик, активности поврзани со управување со кредитен ризик, активности поврзани со наплата и управување со колатерали, активности поврзани со информатичка технологија и организација и активности поврзани со банкарски операции; -------------------------------------------------------------------

Мандатот на членовите на Управниот одбор е 5 (пет) години, со можност за реизбор. -------------------------

3) член 70 се менува како што следи: -------------------------------------------------------------------------------

Член 70----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Банката ја претставува Претседателот на Управниот одбор. ---------------------------------------------------------

За време на отсуство од било каква причина на Претседателот на Управниот одбор, Банката ја претставува Заменик Претседателот или другиот член на Управниот одбор. -----------------------------------------

Во отсуство на членовите на Управниот одбор, Банката ја претставува лице со посебни права и одговорности што ќе биде определено со посебна Одлука од Управниот одбор. ---------------------------------

4) член 71 се менува како што следи: -------------------------------------------------------------------------------

Член 71----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во однос на трети лица, во зависност од проблематиката и барањата за застапување, Банката е застапувана од било кој Член на Управен одбор самостојно. ----------------------------------------------------------

5) член 106 се менува како што следи: ------------------------------------------------------------------------------

Член 106--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со донесување на овој Статут престанува да важи Статутот (пречистен текст) од 04.10.2021 година. Пречистениот текст на Статутот ги вклучува Одлуката од Собрание на акционери за измена и дополнување на Статутот од 25.05.2022 година и пречистениот текст на Статутот од 04.10.2021 година.---

-За се што не е предвидено со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од прописите кои ја регулираат определената материја. -------------------------------------------------------------------------------------------------

3. Собранието на Акционери го овластува Надзорниот Одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ во постапката за добивање согласност за измена и дополнување на Статутот на Банката. ----------------------------------------------------------------------------------------------

4. Оваа Одлука стапува на сила по усвојувањето од страна на Собранието на акционери и добивањето на согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија.-------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 11.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**11./единаесет/ Предлог Одлука за избор на друштво за ревизија на на Шпарка Банка АД Скопје за 2022 година ------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека полномошникот на мнозинскиот акционер едногласно ја донесе следната------------------------------------**

**-------------------------------------------------------О Д Л У К А-----------------------------------------------------------**

**--------------за избор на друштво за ревизија на Шпаркасе Банка АД-Скопје за 2022 година--------------**

1. Со оваа Одлука се избира друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, да врши ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2022 година. -------------------------------------------------------------------------------------------------

2. Меѓусебните права, обврски и одговорности да се уредат со Договор за извршување на ревизија на финансиските извештаи на Шпаркасе Банка АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2022 година по нето цена во денарска противвредност од 56.650 еур.--------------------------------------------------
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.---------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 12.**--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**11./единаесет/ ПредлогОдлука за продажба (оттуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда**

Претседавачот пристапи кон единаесетата/точка од дневниот ред и истакна дека согласно применливите законски одреди, цената при продажба на сопствени акции се дефинира како просечната пазарна цена на акциите на издавачот постигната на овластена берза во последните 12 месеци пред донесување на одлуката за продажба на сопствени акции. Согласно овие одредби цената утврдена на денот на донесување на одлуката за продажба на сопствените акции изнесува 2.938 МКД и истата ќе биде соодветно вклучена во одлуката.-----------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека полномошникот на мнозинскиот акционер едногласно ја донесе следната**------------------------------------

**-------------------------------------------------------------О Д Л У К А-------------------------------------------------------------**

**----------------За продажба (оттуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда-------------------------**

1. Со оваа Одлука се одобрува оттуѓување на 1.588 обични сопствени акции во вкупен номинален износ од 4.239.960,00 денари издадени од Шпаркасе Банка АД Скопје (во натамошниот текст Банката) со седиште на ул. Орце Николов бр. 54, Скопје.-----------------------------------------------------------------------------
2. Сопствените акции од член 1 на оваа Одлука се обични акции на Банката и преставуваат 0,095 % од основната главнина на истата.-------------------------------------------------------------------------------------------
3. Продажбата на сопствените акции ќе се врши по пат на јавна понуда во согласност со Правилата за тргување на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје. ----------------------------------------------
4. Сопствените акции се стекнати во процесот на статусна промена - присоединување на Охридска банка АД Скопје кон Шпаркасе Банка АД Скопје на 19.07.2021 година и истите се запишани во Акционерската книга на Банката која се води во Централниот депозитар на хартии од вредност на РСМ.---
5. Продажбата на сопствените акции е со цел законска обврска за отуѓување на сопствени акции во законски предвиден рок.--------------------------------------------------------------------------------------------------
6. Номиналната вредност на една акција изнесува 2.670,00 денари, додека вкупната номинална вредност на акциите што се предмет на продажба изнесува 4.239.960,00 денари.------------------------------------
7. Продажната цена на сопствените акции - предмет на јавната понуда ќе се определи согласно Правилата за тргување на Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје (Анекс 3) согласно кои истата на денот на носење на оваа Одлука се утврдува на 2.938 МКД. Плаќањето на продажната цена е исклучиво во парични средства. ----------------------------------------------------------------------------------------------
8. Секоја од обичните акции на Шпаркасе Банка АД Скопје дава право на еден глас на Собранието на акционери на Банката. Акциите гласат на име. -------------------------------------------------------------------------
9. Банката не поседува приоритетни акции. -----------------------------------------------------------------------------
10. Купувачите на обичните акции кои се предмет на продажба (оттуѓување) согласно оваа Одлука ги стекнуваат следните права:-------------------------------------------------------------------------------------------------------
- право на глас во Собранието на акционери;-----------------------------------------------------------------
- право на исплата на дел од добивката-дивиденда;------------------------------------------------------------
- право на исплата на дел од остатокот на ликвидационата односно стечајната маса на Банката. -------

Правата и обврските на купувачите на акциите настануваат од моментот на нивното запишување во Централниот депозитар за хартии од вредност. ------------------------------------------------------------------------

11. Во случај на донесена одлука за исплата на дивиденда од страна на Банката, истата се исплаќа согласно законските одредби и Статутот на Банката.------------------------------------------------------------------
12. Постапката за запишување и купување на акции ќе започне најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на одобрението за продажба (оттуѓување) кое го издава Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.---------------------------------------------------------------------------------------------
13. Постапката (оттуѓувањето) на сопствените акции ќе биде објавена во Проспект и покана за запишување и уплата на акциите по пат на јавна понуда. Поканата за запишување и уплата на акциите по

пат на јавна понуда ќе биде објавена на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на акциите. Поканата може истовремено да се објави и во дневен весник што излегува на територијата на Република Северна Македонија на еден од јазиците на заедниците во Република Северна Македонија.------------------------------------------------------------------------------------------

Проспектот и поканата за запишување и уплата на акциите по пат на јавна понуда ќе бидат објавени на веб страницата на Македонската берза за хартии од вредност, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на хартиите од вредност. Проспектот ќе биде ставен на располагање на сите заинтересирани лица во просториите на Банката и на местата каде што се врши запишување и уплата на акциите.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Рокот за реализација на продажбата (оттуѓувањето) на акциите изнесува 3 календарски дена од денот на започнувањето на продажбата (оттуѓувањето). Почетниот ден од кој започнува продажбата (оттуѓувањето) по основ на оваа Одлука ќе биде определен во Проспектот и поканата за запишување и уплата на акциите.------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

14. Продажбата (оттуѓувањето) на сопствените акции по пат на јавна понуда ќе се реализира преку Македонската Берза, во согласност со моделот при кој се дава приоритет на налози со помала количина и порано време на внес на налог, во рамки на моделот по фиксна цена, согласно одредбите на Правилата за тргување на Македонска берза. -----------------------------------------------------------------------------------------------

15. При запишувањето секој купувач треба да пополни уписница која се дава истовремено со давање на налог за купување на хартии од вредност од јавната понуда кај овластен учесник од пазарот на хартии од вредност - членка на овластената Берза и овластениот Депозитар и истата има правна важност од моментот на реализација на налогот за купување. За време на запишувањето сите уплати од купувачите за понудените хартии од вредност ќе се чуваат на посебна за таа цел отворена банкарска сметка која нема да биде користена од страна на издавачот се додека јавната понуда не биде успешно завршена.-----------------

16. При давање приоритет на налози со помала количина и порано време на внес на налог БЕСТ системот ги подредува внесените куповни налози од страна на членките на Берзата на тој начин што приоритет добива налогот кој има помала количина, а при еднаква количина приоритет добива налогот со порано време на внесување.-----------------------------------------------------------------------------------------------

17. Јавната понуда ќе се смета за успешно завршена ако во рокот од точка 13 од оваа Одлука, најмалку 60 % од понудените сопствени акции во проспектот се продадени. ----------------------------------------------------

18. Доколку пред истекот на рокот се продадат и уплатат 100 % од понудените сопствени акции, Банката ќе ја прекине постапката и преку соопштение за успешно реализирана јавна понуда ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста. ------------------------------------------------------------------------------

19. Доколку јавната понуда не се реализира согласно процентот од точка 11 од оваа Одлука, истата се смета за неуспешна а сите претходно реализирани продажби на акции се поништуваат и сите примени уплати за акциите, се враќаат на купувачите зголемени за депозитна камата согласно Законот за хартии од вредност, во рок од (7) седум календарски дена. ----------------------------------------------------------------------------

20. За се што не е регулирано со оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од Статутот на Банката и позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја.-----------------------------------------------------

21. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се спроведе во рок од три месеци од денот на донесувањето. --------------------------------------------------------------------------------------------------

22. Се овластува Управниот одбор на Банката да ја спроведе оваа Одлука и да ги превземе сите потребни дејствија согласно законските и подзаконските одредби.---------------------------------------------------

23. Се овластува Надзорниот Одбор на Банката да може да врши одредени измени и дополнувања на оваа Одлука во постапката на добивање одобрение за јавна понуда на сопствени акции.-----------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 13.**------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**13./тринаесет/ Извештај за работата на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје во 2021 година, колективно и од аспект на поединечните членови;**----------------------------------------------------------

**- Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор** -------------------------

Претседавачот пристапи кон последната точка од дневниот ред и напомена дека е потребно да се одобри работата на секој од членовите на Надзорниот одбор поединечно. Во согласност со 384, став 5 од Законот

за трговски друштва, Собранието одлучува и за работата на членовите на Надзорниот одбор, со одделно гласање за секој член на одборот. ------------------------------------------------------------------------

Претседавачот за секој член на Надозрниот Одбор поеднечно констатираше дека се одобрува работата на Претседателот на Надзорен одбор г-дин Георг Бухер за 2021 година, на Заменик Претседателот на НО, г-ѓа Валбурга Зајдл за 2021 година, на Членот на НО, г-дин Ханс Лудвиг Диксер, за 2021 година, на Членот на НО, г-дин Славиша Којиќ, за 2021 година, на Независниот член на НО, г-дин Кристијан Поленак за 2021 година, и на Независниот член на НО, г-ѓа Сузана Ставриќ за 2021 година-------------------------------

Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека полномошникот на мнозинскиот акционер едногласно ја донесе следната-------------------------------**

**-----------------------------------------------О Д Л У К А-----------------------------------------------**

**за усвојување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје за------------------------2021 година, колективно и од аспект на поединечни членови-----------------------**

1. Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2021 година, колективно и од аспект на поединечните членови.-----------------------------------
2. Извештајот за работењето на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка АД Скопје за 2021 година претставува составен дел на оваа Одлука.------------------------------------------------------------------
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување.----------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на Собранието на акционери заклучи дека содржините од дневниот ред на 51-вата седница од Собрнието на Акционери се исцрпени и пред да ја затвори седницата се заблагодари на сите за присуството. Претседавачот ја затвори седницата на Собранието во 13:00 часот /тринаесет часот/. ---------

Потврдувам дека овој записник лично го составив и истиот заедно со прилозите го прочитав на Претседавачот на Собранието, кој раководеше со седницата на Собранието па во знак на прифаќање своерачно го потпиша.------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавач г-ѓа Наташа Трпеновска Тренчевска ____С.Р** Наташа Трпеновска Тренчевска

Записникот е составен на 14 /четиринаесет/ страни на 14 /четиринаесет/ листа.----------------------------

Потврдувам дека овој Записник претставува компјутерски обработен текст на записникот кој го водев лично на рака, во присуство на акционерите и застапниците/полномошниците на акционерите и останатите присутни лица, по што на учесниците ќе им се даде препис кој ќе го заведат во нивната архива, а врз основа на кој ќе ги остваруваат своите права во евентуални постапки. ---------------------------

Записникот е составен во шест примероци од кои пет се предадени на Шпаркасе Банка АД Скопје, а изворникот се наоѓа во архивата на нотарот.-----------------------------------------------------------------

Нотарската такса за заверка по тарифен број од 27 од Законот за судски такси и член 158 ст.3 од Законот за Нотаријат во износ од 500,00 денари е наплатена. ------------------------------------------------------

Нотарска награда е пресметана согласно Нотарската тарифа во износ од 11.000,00 денари согласно член 41 и 42 ст.2 и трошоци во износ од 2.100,00 денари согласно член 52 од Нотарската тарифа.------------------

ОДУ бр.357/2022-----------------------------------------------------------------------------------------------

Во Скопје, 25.05.2022 година /ден дваесет и петти, месец Мај, година две илјади и дваесет и втора/---------

**Нотар Весна Дончева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР ВЕСНА ДОНЧЕВА СКОПЈЕ

Јас НОТАР, ВЕСНА ДОНЧЕВА

ул. Даме Груев бр. 28 Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени — преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 357/22

Во Скопје, 25.05. 2022 година НОТАР,

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ВЕСНА
ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ